promoting law & justice - European lawyers - Les avocats européens - pour le droit & la justice -

CCBE




Постојаната комисија на CCBE во Виена


# CCBE*Info*

## *Број 49*

*Февруари 2016 година*


Уреднички коментар – Права и одговорности на бегалците – Иновации и иднина на правната професија – Иднината на правните услуги – CCBE Награда за човековите права за 2015 година – Нов “Форум на чинителите на европската правда” – Годишен извештај на CCBE за 2015 година – Прекуокеанско партнерство за трговија и инвестиции – Проект на месецот: ЕУ парничење за правници – Презумција на невиност

## УРЕДНИЧКИ КОМЕНТАР – ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА БЕГАЛЦИТЕ

Владеењето на правото мора да се сочува и да се гарантира, во секое време и во било каква околност. Без разлика на нивниот број, бегалците мора да имаат еднакви права и одговорности. Доколку владеењето на правото го адаптираме во зависност од бројот на бегалците, тоа би значело победа на оние што ги оспоруваат нашите демократски режими. Токму затоа, по дефиниција, таканаречените “политики на квота” или “релокализација” се спротивни на законот; исто како и пречките што одредени држави членки унилатерално ги воведуваат, со цел, да го спречат движењето на бегалците. Сето ова би значело дека на бегалците нема да им се даде право самите да го изберат местото каде ќе побараат азил, затоа што предвидените квоти се веќе исполнети.

Освен тоа, Советот на адвокатски комори и правни здруженија смета дека од суштинско значење, е да се планира и обезбеди присуство на адвокати на клучните локации (центрите за прием и регистрација на бегалците), затоа што токму на овие места се врши нивното сортирање. Адвокатите треба да ги запознаат бегалците со нивните права и одговорности. Со цел, истото да се финансира, исклучително важно е Европската унија да одвои финансиски средства за правна помош, преку постојните Фондови за миграциска помош. Во соработка со ABA (Американското здружение на адвокатски комори – Иницијативата за владеење на правото), CCBE ќе обезбеди правни совети и информации за мигрантите, преку објавување на различни документи и публикации или преку Интернет.

Конечно, на адвокатите треба да им се обезбеди дополнителна обука, за да можат да се адаптираат кон ново настанатата ситуација.

Во време на криза, адвокатите се секогаш присутни и ја исполнуваат својата должност: спроведување на владеењето на правото.

Мишел Беничоу<br>
Претседател на CCBE

## ИНОВАЦИИ И ИДНИНА НА ПРАВНАТА ПРОФЕСИЈА

Како што беше претходно најавено, на **21 октомври 2016** година во Париз, CCBE организира голема еднодневна конференција под наслов **“Иновации и иднина на правната професија”**. Во следните неколку месеци, во информативниот билтен на CCBE ќе објавуваме текстови од различни експерти во врска со конференцијата. Доколку сакате да се најавите како учесник или сакате да дознаете повеќе за самата конференција, контактирајте со нас преку event@ccbe.eu.

## ИДНИНАТА НА ПРАВНИТЕ УСЛУГИ

Дерегулацијата доведе до зголемен број на малку поинакви адвокатски канцеларии, предефинирање на комуникацијата меѓу адвокатите и прифаќање на потребата за соработка во различните дисциплини. Интернетот прерасна во основен извор на правни информации. Појавата на нови чинители, поттикната преку развојот на дигиталната технологија, го менува начинот на кој можат да се нудат адвокатските услуги. Овие 'новодојдени', не само што ги задоволуваат запоставените потреби, туку и бргу реагираат на преобразувачките однесувања, предизвикани од брзиот развој и еволуцијата на очекувањата на клиентите, па дури и на оние најсофистицираните. Иако ситуацијата не се менува на сосема ист начин и со исто темпо во сите држави, на крајот, сепак, каде и да се наоѓаат, адвокатите ќе се соочат со истите прашања. Учесниците во дискусиите на тркалезните маси ќе дојдат од различни европски земји и ќе ги споделат своите искуства за најновите случувања и можните начини за справување со нив. Иднината на правните услуги и на адвокатската професија ќе зависи токму од нивната способност за адаптација кон ваквите промени.

Тјери Викерс
Претседател на Комисијата на ССВЕ за иднината на правните услуги

## ССВЕ НАГРАДА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ЗА 2015 ГОДИНА

**Оваа година, како исклучок, ССВЕ одлучи да додели две Награди за човековите права. Првата оди во рацете на г-дин Интигам Алиев, адвокат и бранител на човековите права од Азербејџан, а втората се доделува на адвокатската канцеларија Фенгруи од Кина.**

### Интигам Алиев

Тоа беше навистина еден трогателен момент, кога на вонредната пленарна седница одржана во Виена, Нармин и Нецмин Камилсој ја примија Наградата на ССВЕ за човекови права, во име на нивниот татко Интигам Алиев, инаку надалеку познат адвокат од Азербејџан. Тој бил притворен во август 2014 година и осуден на седум и пол години затворска казна, поради наводно сторени дела на даночно затајување и други незаконски дејствија во деловната сфера. Во изминатиот период, г-дин Алиев има застапувано многу претставници од граѓанското општество пред Европскиот суд за човекови права, каде има добиено позитивни пресуди во 43 предмети, а се има појавувано и пред Парламентарното собрание на Советот на Европа, каде зборувал во име на азерските бранители на човековите права. За своите активности, тој има добиено бројни меѓународни награди, вклучувајќи ја и Наградата на Андреј Сахаров. Сега неговите деца зборуваат во негово име и сведочат за неговите херојски постапки и непоколебливост во својство на бранител на човековите права.

Марија Шлазак
Поранешен претседател на ССВЕ



Патрик Хенри, Претседател на Комисијата за човекови права, децата на Интигам Алиев, Нармин и Нецмин Камилсој, кои ја примија наградата во име на нивниот татко и поранешниот претседател Марија Шлазак

### Адвокатска канцеларија Фенгруи

На почетокот на месец јули 2015 година, повеќе од 250 адвокати во Кина беа лишени од слобода, како резултат на една акција на државните служби. Жоу Шифенг, адвокат и директор на адвокатската канцеларија Фенгруи, заедно со Ванг Ју и нејзиниот сопруг Бао Лонгџун, Ли Шинфу и Ванг Кванзенг, инаку сите адвокати од истата канцеларија, бил притворен заедно со многу други лица од канцеларијата (колеги, стажанти и други вработени). На адвокатската канцеларија ѝ била одземена дозволата за работа. На почетокот на месец јануари, додека голем број од нив сè уште биле во притвор, (конечно) биле информирани дека се обвинети за "поттикнување државен преврат".

Адвокатите од адвокатската канцеларија Фенгруи имале доволно смелост да работат на контроверзни случаи, а меѓу нив, на пример, биле и оние на уметникот и дисидент Аи Виевеи и ујгурскиот научник и професор Илхам Тохти, како и на други граѓани кои имале смелост да ги оспорат владините одлуки, или пак да побараат од владата и нејзината администрација да одговара за сопствените активности, особено кога станува збор за политиките на планирање на семејството, корупција, експропријација, лошиот квалитет на изведба во градежништвото, загадувањето... Со доделувањето на оваа награда, ССВЕ сака да им оддаде чест на овие адвокати за нивната храброст и исклучителна работа и уште еднаш да го повтори својот повик за прекин на ваквиот третман на адвокатите од страна на државната власт.

Патрик Хенри
Претседател на Комисијата на ССВЕ за човекови права

# НОВ “ФОРУМ НА ЧИНИТЕЛИТЕ НА ЕВРОПСКАТА ПРАВДА”

На **16 февруари**, во соработка со организацијата Passerelle Public Affairs, CCBE организираше настан за одбележување на отпочнувањето на новиот “Форум на чинителите на европската правда”, чиј домаќин беше Европската комисија за економски и социјални прашања (ЕЕСК).

По повод настанот под наслов “Иднината на правдата во ЕУ: предизвици и можности”, на едно место се собраа бројни клучни чинители од сферата на европската правда. Воведниот говор го имаше Комесарот за правда, потрошувачки права и родова еднаквост, г-ѓа Вера Јурова, која потенцираше дека основните вредности на Европската унија не можат никогаш да бидат предмет на преговарање. Во текот на настанот се водеа дискусии на три главни теми: ‘влијанието на технологијата врз иднината на правосудните системи во ЕУ’, ‘миграцијата и владеењето на правото’ и ‘зголемената улога на меѓународните судови во законодавниот процес’. Претседателот на CCBE, Мишел Беничоу учествуваше во дискусијата на последната тема, давајќи свој коментар на крајот и потенцирајќи ги проблемите со кои денес се соочуваат правосудните системи, поконкретно во однос на пристапот кон правдата и потребата за дијалог меѓу клучните чинители во правосудната сфера. Последно обраќање имаше г-ѓа Тина Астола, новиот Генерален директор на Генералниот директорат за правда при Европската комисија.




Арно Мецлер, Потпретседател, Група III ЕЕСК; Комесар Вера Јурова; Др. Фиона Мареј од организацијата Passerelle; Мишел Беничоу, Претседател на CCBE; г-дин Павел Свобода, пратеник во Европскиот парламент и претседател на Комисија за правни прашања (JURI)

**На следнава адреса можете да пронајдете дополнителни информации за овој форум (http://www.ccbe.eu/index.php?id=466&L=0).**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА CCBE ЗА 2015 ГОДИНА

**Годишниот извештај на CCBE за 2015 година** беше презентиран пред постојаната Комисија во Виена. Извештајот говори за клучните активности на CCBE во текот на изминатата година. Електронската верзија од извештајот е достапна на адресата (http://www.ccbe.eu/index.php?id=31&L=0) а отпечатениот извештај може да биде доставен на лично барање. Доколку во иднина сакате да добивате примероци од годишниот извештај, ве молиме такво барање испратете го на следнава адреса kelleher@ccbe.eu (самиот извештај е бесплатен, меѓутоа, поштенските трошоци ќе бидат на ваш товар).

# ПРЕКУОКЕАНСКО ПАРТНЕРСТВО ЗА ТРГОВИЈА И ИНВЕСТИЦИИ

Прекуокеанското партнерство за трговија и инвестиции (ППТИ) претставува трговска и инвестициска спогодба, за која Европската унија (ЕУ) преговара со Соединетите американски држави. Доколку дојде до нејзино потпишување, тоа ќе биде најважната спогодба за слободна трговија остварена досега, затоа што истата би влијаела на повеќе од половина од севкупната светска трговска размена. Првата рунда преговори се одржа во месец јули 2013 година, а последната, односно 12-та рунда од преговорите заврши неодамна. ППТИ опфаќа три главни области, односно пазарниот пристап, соработката помеѓу регулаторите во ЕУ и САД и трговските правила. Во однос на пристапот кон пазарите, ППТИ има за цел, да им олесни на фирмите и претпријатијата да ги нудат своите услуги и во ЕУ и во САД. Од таа причина, CCBE внимателно ги следи преговорите, затоа што ако истите завршат успешно, нивниот исход ќе влијае и врз адвокатските услуги. Европската комисија преговара со својот партнер, односно Трговскиот застапник на Соединетите држави, а во име на ЕУ и нејзините држави членки, почитувајќи ги насоките што ги добива од владите на поединечните држави членки на ЕУ. Од гледна точка на CCBE, ние сме многу задоволни од нивото на соработка што го имаме со Комисијата. Таквиот взаемен дијалог ни овозможува да ја информираме Комисијата, што е она што адвокатската професија го посакува и очекува како резултат од ППТИ преговорите. Тоа подразбира информирање на Комисијата за она што “го бараме” во однос на пазарниот пристап. CCBE го стори истото и пред 18 месеци, кога на преговарачите од ЕУ им објасни што е она што адвокатите во Европа се обидуваат да го постигнат, од аспект на пристапот на пазарот во САД. Понатаму, информацијата за она што ние можеме да го “понудиме” беше усвоена на состанокот на CCBE одржан во Виена на 4 февруари, а истата беше проследена и до преговарачите од ЕУ. На тој начин, CCBE навремено објасни што е прифатливо за адвокатската професија во ЕУ, со што ги елиминираше сите можни сомнежи кај преговарачите на ЕУ. На овој начин, CCBE и понатаму останува најдобро позиционираната и најспособна организација за соопштување и пренесување на мислењата и желбите на европската адвокатска професија.

Луи Бернард Бухман<br>
Претседател на Комисијата за<br>
меѓународни правни услуги на CCBE

## ПРОЕКТ НА МЕСЕЦОТ: ЕУ ПАРНИЧЕЊЕ ЗА ПРАВНИЦИ

Европската адвокатска фондација (ELF), заедно со Академијата за европско право (ERA) и девет други партнери (Адвокатската комора на Шпанија, Адвокатската комора на Атина, Полскиот национален совет на правни советници, Адвокатскиот Совет на Ирска, Правното здружение на Ирска, Адвокатската комора на Финска, Советот на високата правна школа - Haute Ecole des Avocats Conseil –HEDAC, Регионалниот правен факултет за поширокиот исток - Ecole Régionale des Avocats du Grand Est – ERAGE и Делегацијата на адвокатските комори во Франција - Délégation des Barreaux de France – DBF) работи на реализацијата на еден проект, кофинансиран од Правосудната програма на Европската унија за ЕУ парничење за адвокати. Овој проект ќе трае 18 месеци и започна во декември 2015 година, а ќе се состои од пет семинари во траење од по еден и пол ден (четири на англиски и еден на француски јазик). Првиот ден содржи предавања, студии на случаи и работилници, а вториот ден вклучува посета на Судот на правдата на Европската унија и присуство на некое од тековните рочишта. Првиот семинар ќе се одржи на 13-14 април 2016 година. Истиот ќе се одвива на француски јазик, а изборот на адвокати учесници ќе го вршат HEDAC, ERAGE и DBF.

**Повеќе информации за овој проект можете да најдете на следнава адреса: (**http://europeanlawyersfoundation.eu/projects/eu-projects/current-projects/eu-litigation-for-lawyers/**)**

Алонсо Хернандес-Пинзон Гарсија
Оперативен директор на Европската адвокатска фондација (ELF)

## ПРЕЗУМЦИЈА НА НЕВИНОСТ

На **19 јануари**, Европскиот парламент ја усвои конечната верзија на текстот на законскиот акт за Презумција на невиност и правото на присуство во текот на судската постапка во кривичните предмети. CCBE изразува задоволство што новите правила на ЕУ го гарантираат и почитуваат правото на лицата да се сметаат за невини, сѐ додека нивната вина не биде докажана во соодветна кривична судска постапка. Новиот закон ќе се применува “во сите фази на постапката, од моментот кога едно лице ќе биде осомничено или обвинето за сторено кривично дело, или за наводно сторено кривично дело, па сè додека не биде судски утврдено дека лицето е навистина сторителот на посоченото кривично дело и не биде донесена конечна судска пресуда”.

Комисијата за кривично право е задоволна од одлуката на Парламентот да остане цврсто на својот став во однос на обидите, на државите членки да им се даде можност да го префрлат товарот на докажување на другата страна. Товарот на докажување мора секогаш да му припаѓа на обвинителството. Тоа е основното начело во кривичното право.

Подеднакво сме задоволни и од фактот што во конечниот текст, апсолутното право на бранење со молчење е целосно заштитено. Во новите законски правила е наведено дека практикувањето на правото на бранење со молчење и правото на заштита од самоинкриминација не смеат да се злоупотребуваат против осомничени или обвинети лица и “истото не може да се смета како доказ дека лицето го има извршено делото за кое е осомничено или обвинето”.

Комисијата за кривично право се надева дека институциите на ЕУ сега ќе успеат да постигнат и меѓусебен договор, во однос на предлогот на Комисијата за дополнително јакнење на правната помош. За жал, и понатаму постојат големи разлики меѓу ставот на Парламентот и оние на државите членки, а во однос на тековните дискусии во врска со Директивата за правна помош.

## СЛЕДНИ НАСТАНИ:

**16.03.2016** *Трета средба на лидерите на адвокатските комори од централна и источна Европа, XXXIV, Загреб*

**17-18.03.2016** *Ден на хрватската адвокатура, Загреб*

**18.03.2016** *Состанок на постојаната Комисија на CCBE, Брисел*